РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 13-13924/4
04.09.2014 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13 и 116/14), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа студиската програма од трет циклус на студии по Електротехника и информациски технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по Електротехника и информациски технологии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Решение бр.12-56/4 од 25.08.2014 година за акредитација на студиската програма од трет циклус на студии по Електротехника и информациски технологии, Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање 07-1797/3 од 26.08.2014 година, до Министерството за образование и наука, под наш 13-13924/1 од 02.09.2014 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по Електротехника и информациски технологии.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-13924/2 од 03.09.2014 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа за горенаведената студиската програма.

Комисијата на ден 04.09.2014 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 13-13924/3 од 04.09.2014 година, каде е наведено дека за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примачот
-Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити